РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2802/2
30-06-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 71-та седница одржана на ден 30.06.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-2802/1 од 13.08.2021 година, со наводи против сопственик на приватно правно лице, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување согласно поради тоа што пријавата содржи наводи кои се однесуваат на повреда на индивидуално право предизвикани од лица кои не се опфатени со Законот за спречување на корупција и судир на интереси, односно за активности од сопственик на правно лице во приватна сопственост.

Предметот со број 12-2802/1 од 13.08.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 13.08.2021 година, поднесена е пријава заведена под број 12-2802/1 од 13.08.2021 година со наводи против сопственик на приватно правно лице ---------- --------- ------------------- ---- во кое подносителот бил претходно вработен, за неправилно однесување кон вработените. Во пријавата се содржани општи наводи, а подносителот е револтиран од однесувањето на сопствениот на фирмата поради повреда на неговото право како поранешен работник и бара против истиот да се преземат соодветни мерки.

При разгледувањето на предметната пријава, ДКСК констатира дека предметните наводи се однесуваат на повреда на индивидуално право, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Нури Бајрами**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: К.Н.,член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk